Macedonian | Македонски

independent mental health advocacy

# Знајте ги вашите права, дајте ги вашите мислења

Септември 2023

Independent Mental Health Advocacy (IMHA) (Служба за независно застапување за ментално здравје) може да ви помогне да ги знаете вашите права и да ги давате вашите мислења. IMHA е служба која дава бесплатни услуги на застапување во доверба на луѓето кои:

- добиваат задолжително лекување (compulsory treatment), или
- се загрижени околу добивањето задолжително лекување.

Услугите на IMHA се даваат преку Victoria Legal Aid, но таа не е правна служба. IMHA е служба независна од службите за ментално здравје.

## Ние ќе ве контактираме

Во Mental Health and Wellbeing Act 2022 (Vic) (*Закон за ментално здравје и добросостојба од 2022 година (Vic)*) се наведува дека од 1 септември 2023 година ќе бидеме известени во клучни моменти кога добивате задолжително лекување. Дознајте повеќе во поглавјето „Кога ќе биде известена IMHA?“ во овој документ.

Ние ќе ве контактираме, освен во случај вие да нѝ речете да не го правиме тоа. Кога ќе ве контактираме, ќе ви објасниме што правиме, а вие може да одлучите дали сакате да добивате наши услуги. За да нѝ речете да не ве контактираме, видете го поглавјето „Речете нѝ да не ве контактираме“ во овој информативен лист.

## Вие може да нè контактирате

Ако сега не добивате задолжително лекување, но сте загрижени околу добивањето на задолжително лекување, вие сепак може да добивате услуги на IMHA. Треба да нè контактирате директно, бидејќи нема да бидеме известени. Може да нѝ се јавите на 1300 947 820, да ја посетите нашата веб-страница www.imha.vic.gov.au или да пратите имејл на imhacontact@imha.vic.gov.au

Разумни луѓе може да бидат загрижени околу добивање на задолжително лекување, вклучително чувството дека не може да не се согласувате со тимот што ве лекува или дека тимот што ве лекува ви рекол дека ако не направите нешто, ќе бидете подложени на задолжително лекување.

## Како IMHA може да ви помогне

Ние може да ви помогнеме:

- да ги разберете информациите за вашиот преглед, лекување, нега и закрепнување
- да донесувате одлуки за вашиот преглед, лекување и нега
- да ги разберете и остварувате вашите права
- да направите претходна изјава на желби (advance statement of preferences)
- да одредите номинирано лице за поддршка
- да барате второ психијатриско мислење
- да барате правен совет
- да поднесете барање до Mental Health Tribunal (Трибунал за ментално здравје)
- да го разберете и користите системот на услуги за ментално здравје и добросостојба

Interpreter

- на вашите служби за ментално здравје и добросостојба, како и на други, да им ги изразите вашите одлуки, мислења и желби
- да поднесете жалба.

Може да ангажираме преведувач. Исто така може да се јавите на Translating and Interpreting Service (TIS) (Служба за писмено и усно преведување) на 131 450 и да побарате да ве поврзат со нас.

Со ваша согласност, IMHA може да ги претстави вашите мислења на вашата служба за ментално здравје и добросостојба.

Вашиот застапник од IMHA:

- ќе дејствува според вашите упатства
- нема да презема активности без ваша согласност
- нема да се управува според тоа што други мислат дека е во ваш најдобар интерес, ако имате најмалку 16 години. Ако имате 15 години или сте помлади, IMHA ќе ги застапува вашите мислења и ќе соработува со вашето семејство, негуватели и поддржувачи за да обезбеди дека се заштитени вашите најдобри интереси.

## Речете нѝ да не ве контактираме

Ќе треба да ги дадете ваши податоци за идентификација за да обезбедиме:

- да не се обидуваме да ве контактираме, и
- да ги избришеме информациите што ги добиваме за вашето задолжително лекување.

Со информациите што нѝ ги давате ќе ракува нашиот административен персонал. Може да посетите https://www.imha.vic.gov.au/how-we-handle-personal-information за да дознаете како постапуваме со личните податоци и ја заштитуваме вашата приватност.

За да нѝ речете да не ве контактираме:

- јавете се на 03 9093 3701
- посетете www.imha.vic.gov.au/optout за да пополните opt-out form
- пополнете го следниот образец и пратете го на imhaadmin@imha.vic.gov.au или по пошта на:

Independent Mental Health Advocacy
GPO Box 4380
Melbourne VIC 3001

- пратете нѝ имејл на imhaadmin@imha.vic.gov.au со следната изјава за согласност и информации.

Од член на персоналот или од лице за поддршка може да побарате помош да го поднесете образецот.

Јас, _______________________________ **не** сакам IMHA да ме контактира ако ми биде издаден налог за задолжително лекување или во кој било друг клучен момент. Јас разбирам дека ќе бидат избришани сите информации што IMHA ќе ги добива во иднина за моето задолжително лекување.

Датум на раѓање: ___________________

Потпис: ___________________

Датум: ___________________

Државен UR број (State-wide UR Number) - SWURN: ___________________

Ова е единствен број што им се доделува на сите клиенти кои користат јавно одредени услуги за ментално здравје. Ние го користиме овој број за да обезбедиме дека точно ве идентификуваме. Ако не го знаете вашиот SWURN број, може да ја прашате вашата служба за ментално здравје и добросостојба или да се јавите на IMHA за информации кого да прашате.

Телефонски број: ___________________

Имејл: ___________________

Адреса: ___________________

Населба/град: ___________________

Поштенски број: ___________________

Ако подоцна го смените мислењето и сакате IMHA да ве контактира кога ќе добивате задолжително лекување, може:

- да се јавите на 1300 947 820
- да пратите имејл на адресата imhacontact@imha.vic.gov.au
- да ја посетите нашата веб-страница на www.imha.vic.gov.au

## Кога ќе биде известена IMHA?

IMHA ќе биде известена ако:

- за вас биде издаден привремен налог за лекување или налог за лекување, вклучително ако сте форензички или безбедносен пациент
- вашето право на комуницирање било ограничено
- вашиот налог за привремено лекување или налог за лекување е променет од лекување во заедницата на лекување во установа, или од лекување во установа на лекување во заедницата
- ако вашиот налог за привремено лекување или налог за лекување е повлечен или откажан
- ако имате закажана расправа во Mental Health Tribunal (Трибунал за ментално здравје)

- ако е користена ограничувачка интервенција (restrictive intervention), на пример, ако сте ставени во изолација (seclusion), или сте физички или хемиски ограничувани
- ако вашиот налог е сменет да бидете префрлени во друга наменска служба за ментално здравје.

Ако сте безбедносен пациент (security patient), IMHA исто така ќе биде известена ако сте:

- примени или префрлени во наменска служба за ментално здравје
- вратени во затвор.

Ако сте форензички пациент, IMHA исто така ќе биде известена ако:

- сте префрлени во наменска служба за ментално здравје, освен во случај Forensic Leave Panel да го одобри префрлувањето или тоа е наложено на друг начин од овластено тело
- ако вашиот психијатар или главниот психијатар одреди да бидете префрлени во друга наменска служба за ментално здравје
- Forensicare (Victorian Institute of Forensic Mental Health) (Викториски институт за форензичко ментално здравје) поднесе барање до Трибуналот за ментално здравје за издавање на налог за интензивно надзорно надгледување (intensive monitored supervision order), ако и кога тој налог биде издаден.

## Како да контактирате со IMHA и да дознаете повеќе

- Посетете ја веб-страницата www.imha.vic.gov.au или пратете имејл на imhacontact@imha.vic.gov.au
- Јавете се на телефонската линија на IMHA на 1300 947 820, што ја опслужуваат застапници од IMHA 9:30am – 4:30pm седум дена во неделата (освен на државни празници).
- Јавете се на линијата за права на IMHA на 1800 959 353 за да чуете снимени информации за вашите права.
- Побарајте од давател на услуги за ментално здравје, негувател или друго лице за поддршка да ви помогне да контактирате со IMHA.
- Ако сакате да дадете коментар или да поднесете жалба против IMHA, ве молиме јавете нѝ се или посетете го поглавјето за коментари на нашата веб-страница.
- Добијте бесплатен преведувач со повикување на 131 450, а потоа побарајте од нив да не повикаат на 1300 947 820.